Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-231/1
08.02.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-712/1 од 25.09.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против Министерство за здравство на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основа на возраст во областа на социјална сигурност и социјалната заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на возраст во областа на социјална сигурност и социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Министерството за здравство на Република Северна Македонија кон [redacted] од Скопје.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: Комисијата ) поднесена е претставка бр. 08-712/1 од 25.09.2023 година, од [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основа на возраст во областа на социјалната сигурност и социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Министерството за здравство на Република Северна Македонија, а кон неа и кон група на лица – пациенти со утврдена дијагноза Дијабет тип 1 на возраст над 18 години.

Во претставката подносителката наведува дека со истата бара да се укине дискриминацијата базирана на возраст и да се овозможи остварување на право на достапност во третман и лекување со најновите медицински помагала – медицински пумпи и ЦГМс – сензори за континуирано 24 часовно мерење и следење на ниво на шеќерот во крвта на пациенти кај кои е утврдена дијагноза – Дијабет Тип 1. Имено според наводите, вкупниот број на пациенти со Дијабет тип 1 изнесувал околу 5000 лица од кои околу 700 биле деца до 18 годишна возраст. Болеста со која се соочуваат овие пациенти е тешка, напорна, животозагрозувачка и на возраст од 18 години па понатаму не само што не исчезнува туку станува поболна, поризична, создава ризични компликации врз сите органи и останува со пациентот до крајот на неговиот живот, како е наведено во претставката. Новите, современи медицински помагала –

инсулински пумпи и сензори на пациентите со оваа дијагноза им овозможувале живот со помалку болка, добро регулирање на вредностите на шеќер во крвта и одложување на тешки, болни компликации, а со тоа и продолжување и подобрување на квалитетот на нивниот живот.

Во Република Северна Македонија, според наводите во претставката, децата до 18 години возраст, ги добивале инсулинските пумпи во последните 10 години, а во 2023 година на 147та седница на Владата донесена била одлука на товар на буџетот на државата да им се набават и сензори. Тоа според подносителката е за поздравување но, според неа се поставува прашањето што со оние пациенти кои се постари од 18 години и кои живеат со болеста по 20, 30 и повеќе години. Според подносителката наведеното претставува дискриминација врз основа на возраст што е евидентно ако се има предвид дека наведеното е спротивно на препораката на европското здружение на дијабетичари поради што други држави во блиско опкружување како Република Босна и Херцеговина ја укинале старосната граница за обезбедување на овие медицински помагала, додека пак во други држави членки на Европската Унија ваква мерка за обезбедување на медицински помагала поврзана со возраст, воопшто не постоела.

Со оглед на наведеното, Комисијата на ден 24.10.2023 година до Министерството за здравство на Република Северна Македонија, испрати Барање за произнесување по наводите во претставката заведено под архивски број 08-712/2, а на 06.12.2023 година до Комисијата пристигна произнесување Бр. 10-8785/2 од 17.11.2023 година, од страна на министерството како одговор на Барањето, заведен под архивски број 08-712/4.

Во Одговорот се наведува дека согласно член 16 од Законот за здравствена заштита, на сите граѓани на државата им се обезбедува остварување на со овој закон загарантираните права, утврдени потреби и интереси, и тоа согласно алинеја 10 "обезбедување на цитостатици, инсулин и хормон за раст" и алинеја 11 "мерки и активности утврдени со посебни програми". Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за здравство, секоја година донесувала програми за реализација на мерките и акивностите, а една од тие програми била и Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија, со која за пациентите со Diabetes mellitus се обезбедувала најсовремена инсулинска терапија, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење гликемија. Понатаму во одговорот се наведува дека во Република Северна Македонија има околу 4000 пациенти со Дијабетес тип 1 (инсулин зависни) од кои 650 се деца, а бројот на деца од година во година е поголем.

Се наведува дека во последните 15 години третманот на лица со дијабетес драстично бил подобрен, па следејќи ги препораките на Светската здравствена организација, Министерството за здравство се обратило до Владата на Република Северна Македонија заради давање на согласност за преземање на обврски за чие плаќање било потребно користење на буџетски средства во наредните години, а за набавка на


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

системи базирани на континуирано и безболно мониторирање на гликозата, кои за прв пат се обезбедувале преку Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење гликемија. Во тој контекст, согласно расположливите буџетски средства, Владата на 147та седница одржана на 18 април 2023 година по разгледување на Информацијата проследена од Министерство за здравство ја усвоила истата па го задолжила Министерство за здравство да спроведе јавна набавка. Согласно наведеното, спроведена била јавна набавка за системи за следење на гликоза, базирани на сензори за најранливи категории на пациенти, односно за деца до 18 години со Дијабет тип 1, бремени жени со Дијабет тип 1 и слепите лица. За оваа програма биле обезбедени финансиски средства за периодот од април 2023 година до април 2025 година.

По добивање на Одговорот од потенцијалниот дискриминатор, во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше остварен службен разговор со подносителката на претставката, [redacted] од Скопје, а евидентиран на Записник број 08-712/5 од 07.12.2023 година. При разговорот подносителката појасни дека пациентите кои се болни од Дијабет тип 1 не можат да живеат без инсулин и во текот на 24 часа применуваат 4 до 5 боцкања, односно примање на инсулин, а во текот на 24 часа прават најмалку 6 проверки на нивото на инсулин во крвта. Посочи дека другите држави не прават дискриминација врз основа на возраст од аспект на достапност на сензори за континуирано мерење на гликемија, односно дека овие сензори им се достапни на сите заболени од Дијабет тип 1 без оглед на возраста. Подносителката појасни дека сензорите овозможуваат 24 часовно мерење на шеќерот во крвта и самите сигнализираат кога има пад или раст на шеќерот што овозможува полесно следење на вредностите и аплицирање на соодветна доза инсулин во вистински момент. Посочи дека сериозни компликации од болеста се јавуваат 25 до 30 години од појавувањето на болеста, особено проблеми со видот и очите, крвните садови, нервните завршетоци, бубрезите итн. Повтори дека проблемот не е во тоа што сензори и пумпи добиваат децата до 18 годишна возраст туку дека е проблематично тоа што овие сензори и пумпи не им се обезбедени, односно достапни од страна на државата и на повозрасните лица, лица над 18 години – студенти и останати работоспособни лица кои исто така е неопходно постојано да ги следат вредностите на шеќер во крвта. Истакна дека животот на болните од дијабет е болен живот, со секојдневно боцкање – користење глукомер по неколку пати во текот на денот. Од аспект на произнесувањето на Министерството за здравство по однос на расположливите средства за обезбедување на сензори за најранливите категории – деца до 18 години, бремени жени и слепи лица, подносителката истакна дека немањето буџетски средства е неиздржано образложение за необезбедување на сензори за сите заболени од Дијабет тип 1 особено посочувајќи го примерот на Република Хрватска каде за период од 5 години користење на вакви сензори од страна

на болните во буџетот биле заштедени 40 проценти од средствата наменети за третман на компликации настанати од оваа болест, и тоа ампутации на екстремитети, третман на слепило и слично кои паѓаат на товар на буџетот. Во текот на разговорот подносителката приложи и материјали од кои може да се увиди споредбено каква е состојбата со предметната проблематика во државите членки на Европска Унија и државите во блиското опкружување.

Имено, во член 9 од Уставот на Република Северна Македонија е уредено дека *граѓаните на републиката се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општетсвената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.* Според член 39 од Уставот, *на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.*

Согласно член 9 од Закон за здравствената заштита[1] со кое е уредено Начелото на правичност, се превидува дека *ова начело се остварува со забрана на дискриминација при укажување на здравствена заштита по однос на раса, пол, старост, национална припадност, социјално потекло, вероисповед, политичко или друго убедување, имотна состојба, култура, јазик, вид на болест, психички или телесен инвалидитет*. Во член 11 од овој закон уредено е начелото на квалитетен и сигурен здравствен третман кое *се обезбедува со унапредување на квалитетот на здравствената заштита преку примена на мерки и активности, кои во согласност со современите достигнувања во медицинската наука и практика, ја зголемуваат можноста од позитивен исход, намалување на ризиците и другите несакани последици по здравјето и здравствената состојба на поединецот и општеството во целина.*

Понатаму согласно член 16 став (1) точка 10 од овој закон, *на сите граѓани на републиката им се обезбедува остварување на со овој закон загарантираните права, утврдени потреби, интереси и тоа, меѓудругото, обезбедување на цитостатици, инсулин и хормон за раст*, а согласно алинеја 11 од истиот член на законот, *остварувањето на загарантираните права, утврдени потреби и интереси се врши преку мерки и активности утврдени со посебни програми.* Согласно став (3) од законот, *Владата, на предлог на Министерство за здравство секоја година донесува програми за реализација на мерките и активностите преку кои се остваруваат правата, потребите и инетересите на граѓаните.*

[1] Службен весник на РМ, бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и Службен весник на РСМ, бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22 и 199/23

Согласно изнесеното во претставката, приложените докази, како и произнесувањето по наводите на истата од страна на потенцијалниот дискриминатор, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: Во Република Северна Македонија во моментот има околу 4000 пациенти со Дијабет тип 1 – инсулин зависни, од кои 650 се деца. Согласно расположливите буџетски средства, од страна на Министерство за здравство спроведена е јавна набавка за системи за следење (мониторирање) на гликоза, базирани на сензори за најранливата категорија пациенти, односно за деца со Дијабет тип 1, до 18 годишна возраст, за бремени жени со Дијабет тип 1 и слепи лица. Наведеното е согласно расположливите буџетски средства кои се одобрени од страна на Владата на Република Северна Македонија за период од април 2023 година до април 2025 година, а за прв пат преку Програма за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија. Во државите од поблиското опкружување, возрасната граница како услов за обезбедување, односно доделување на сензори за континуирано следење на гликемија, е отстранет, додека пак во државите членки на Европската Унија таков услов не постоел. Понатаму, согласно член 7 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, со кој се уредени мерки и дејствија кои нема да се сметаат за дискриминација, е утврдено дека нема да се сметаат за дискриминација мерките и дејствата што се преземаат со единствена цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи сѐ додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, ако разликувањето е оправдано и објективно, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни. Овие мерки и дејствија се временски ограничени и се применуваат се до постигнување на фактичка еднаквост на лица или група при уживање на нивните права.

Согласно сето изнесено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација утврдена со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација која гласи: *"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."* Наведеното од причина што за прв пат преку Програма за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење на шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење гликемија, се обезбедени сензори за ранливи категории на граѓани, односно за деца со Дијабет тип 1 до 18 годишна возраст, за бремени жени со Дијабет тип 1 и слепи лца. Наведеното како афирмативна мерка на Владата на Република Северна Македонија која е со предвидено траење од април 2023 година до април 2025 година, а согласно расположливите буџетски средства.

Врз основа на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
05.02.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за здравство на РСМ, ул. „50та Дивизија" бр. 14, Скопје
- Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk